Erasmus+ 2023-2-IT02-KA210-SCH-000173211 'Ma.Mu.'

Math and Music – Ma.Mu. (Математика и музика)

ИЗВЕШТАЈ за музичка едукативна програма -обука во Кечкамет, Унгарија, 4-8.11.2024

*REPORT on music educational program - training in Kecskemét, Hungary, 4-8.11.2024*

Нашето училиште  заедно со други училишта и организации од Италија, Грција и Унгарија  беше дел од Музичката едукативна програма Математика и музика (Ma.Mu.) во период од 4 до 8 ноември 2024 година во Кечкамет, Унгарија.

*Our school, together with other schools and organizations from Italy, Greece and Hungary, was part of the Music Education Program Mathematics and Music (Ma.Mu.) from November 4 until November 8, 2024 in Kecskemét, Hungary.*








Имавме можност да учествуваме во непосредна и динамична интеракција во оваа музичка програма, како и активно вклучување во музичко-образовни активности, особено оние активности кои ќе им помогнат на децата со дискалкулија.

*We had the opportunity to participate in direct and dynamic interaction in this music program, as well as active involvement in music-educational activities, especially the activities that will help children with dyscalculia.*

## 4.11.2024 Прв ден / Day 1

Првиот ден бевме пречекани во  музичкото училиште Кодали во Кечкамет, Унгарија од страна на Едит Палинкас - домаќин на оваа обука. Во училиштето учат ученици од 6-18 години.

*On the first day we were welcomed at the Kodály Music School in Kecskemét, Hungary by Edit Pálinkás - the host of this training. The school has students aged 6-18.*

Едит Палинкас ни направи обиколка на просториите на училиштето каде што можевме да ги запознаеме сите простории приспособени за изучување на музика, читање, менза и простории за хорско пеење.

*Edit Pálinkás gave us a tour of the school premises where we were able to see all the rooms adapted for studying music, reading, the cafeteria, and the choir singing rooms.*

Воедно посетувавме часови во шесто одделение од наставникот и диригент Ласло Дурањик, кој беше наш ментор во текот на целиот курс за време на нашиот престој во училиштето Кодали. Ласло ни демонстрираше подучување на музика во пракса и активно нè воведуваше во часовите и поимите, како и  техниките кои ги користи на часовите (по примерот на Золтан Кодали). Следеше активност за запознавање на тимовите од проектот.

*We also attended sixth grade classes with teacher and conductor László Durányik, who was our mentor throughout the course during our stay at the Kodály School. László demonstrated music teaching in practice and actively introduced us to the lessons and concepts, as well as the techniques he uses in his classes (following the example of Zoltán Kodály). This was followed by an activity to get to know the project teams.*

По оваа активност присуствувавме на предавањето на професорот Ласло за основните принципи на музиката, имавме следење на развојот на хорско пеење на хорот Аурин, а потоа следеа активности – работилници-учење преку игра каде ние како активни учесници преку реквизити ги поврзувавме принципите на математиката и музиката (во ротирачки групи игравме СУДОКУ, МЕМОРИЈА, ПЕНТАТОНСКА СКАЛА, тактиравме и поврзувавме математика, на пример дропки со музички симболи и траења).

*After this activity, we attended Professor László's lecture on the basic principles of music, we monitored the development of choral singing by the Aurin choir, and then followed activities - workshops - learning through games where we, as active participants, connected the principles of mathematics and music through props (in rotating groups we played SUDOKU, MEMORY, PENTATONIC SCALE, we measured and connected mathematics, for example fractions with musical symbols and durations).*







### 5.11.2024 Втор ден / Day 2

Вториот ден од обуката имавме интересна посета во историскиот центар на градот кој започна со посета на Музејот на музички инструменти каде научивме многу за музичките инструменти, законите на физика и нивно користење во далечното минато, но и во различни територии на целата планета. Ја разгледавме со уживање и интерактивно научивме многу за најголемата колекција на музички инструменти - збирката на инструменти Лесковски од музичарот Арон Шилаги. Потоа го разгледувавме културното наследство на Кечкамет меѓу кои и музејот на Кечкамет и Градското собрание.

*On the second day of the training, we had an interesting visit to the historical center of the city, which began with a visit to the Museum of Musical Instruments, where we learned a lot about musical instruments, the laws of physics and their use in the distant past, but also in different territories of the entire planet. We looked at it with enjoyment and interactively learned a lot about the largest collection of musical instruments - the Leskowsky collection of instruments from the musician Áron Szilágyi. Then we looked at the cultural heritage of Kecskemét, including the Kecskemét Museum and the City Hall.*



  

  

## 6.11.2024 Трет ден / Day 3

Третиот ден беше презентирано поврзување на активностите на музиката и ритамот со учењето или подобрувањето со математика преку креирање на прирачник со искуства и техники. Беа посетени активности во прво, четврто и второ одделение со следење на практична реализација на ова поврзување. Вечерта имавме шанса да уживаме во џез концерт во училиштето од страна на најпознатиот музичар во Кечкамет, Тамаш Итцес како поврзување на општеството и ученикот.

*On the third day, the connection of music and rhythm activities with learning or improving mathematics was presented through the creation of a manual with experiences and techniques. Activities in the first, fourth and second grades were visited with the observation of the practical realization of this connection. In the evening, we had the chance to enjoy a jazz concert at the school by the most famous musician in Kecskemét, Tamás Ittzés as a connection between society and the student.*











## 7.11.2024 Четврти ден / Day 4

Четвртиот ден од програмата, сите се упативме во Будимпешта - главниот град на Унгарија каде го посетивме и имавме конструктивна средба со експерти од младински центар во заедницата во Младинскиот центар на Кома Базис, под раководство на Едина Максзим - дефектолог. Овој тим преку дебата нѐ запозна со неформалната форма на образование на децата со потешкотии, меѓу кои и ученици со проблеми со дискалкулија кој преку намалување на социјалниот притисок и поттикнување на самодоверба им помага на овие ученици. Суптилно, без инсистирање на постојаност и норми, ги поттикнуваат преку игра учениците за поуспешно совладување на образовните предизвици.

По оваа посета следеше истражување на културното наследство на Будимпешта.

*On the fourth day of the program, we all headed to Budapest - the capital of Hungary, where we visited and had a constructive meeting with experts from a community youth center at the KomaBázis Youth Center, led by Edina Makszim - a special education teacher. This team, through a debate, introduced us to the informal form of education for children with difficulties, including students with dyscalculia problems, which helps these students by reducing social pressure and encouraging self-confidence. Without insisting on consistency and norms, they encourage students through games to more successfully overcome educational challenges.*

*This visit was followed by getting to know the cultural heritage of Budapest.*









## 8.11.2024 Петти ден / Day 5

Последниот ден од мобилноста беше започнат со музикотерапија-групна, од професорот Mátyás Szabó. Оваа и ваквите сесии тој ги користи за започнување на час, релаксирање, тимска работа но и како техника за зголемување на самоконцентрација**.**

Следеше состанок со тимот, дискусија за идните активности и тековни договори.

По состанокот бевме на посета на уште една практична музичка активност која ги поттикнува учениците за поврзување со математика во седмо одделение, како и посета

на вежби во хорско пеење и хорски поздрав до тимот на Еразмус со професорот Ласло во кој уживавме сите.

*The last day of the mobility started with music therapy - group, by Professor MátyásSzabó. He uses this and similar sessions to start a class, relax, work in teams, but also as a technique to increase self-concentration.*

*This was followed by a meeting with the team, discussion of future activities and current agreements.*

*After the meeting, we visited another practical music activity that encourages students to connect with mathematics in the seventh grade, as well as a visit to choral singing exercises and a choral greeting to the Erasmus team with Professor László, which we all enjoyed.*









Заминавме со нови знаења, предизвици за практична примена и нетрпение за стекнување на нови образовни сознанија и вештини  на следната програма во Италија.

*We left with new knowledge, challenges for practical application, and eagerness to acquire new educational knowledge and skills at the next program in Italy.*

Тимот на Еразмус од Република Северна Македонија, ноември 2024 година

Erasmus Team – North Macedonia, November 2024